СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Година 20 број 1	Чешиново-Облешево 07.02.2024 година	Излегува по потреба

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за давање на Согласност за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-282/1 Општина Чешиново-Облешево
05.02.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 166-3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2024 година је донесе следната:

ОДЛУКА
За давање на Согласност за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2024 година

Член 1

Се дава согласност за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца, за периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година да изнесува 81,6 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново – Облешево, а ќе се применува започнувајќи со исплата на платата за месец јануари 2023 година.

Бр.08-259/1 Совет на
05.02.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за избор на приоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект

1.Ја прогласувам Одлуката за избор на приоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-281/1 Општина Чешиново-Облешево
05.02.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за избор на приоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект

Член 1

За приоритетен проект во општина Чешиново-Облешево а во врска со Отворениот јавен повик за финансирање на Предлог- проекти за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2024 година, по одделни мерки и активности за рамномерен регионален развој на Министерството за локална самоуправа на Република Северна Македонија се избира проектот „Реконструкција на улица „Сремска“ и дел од улица „6“ во с.Облешево“.

Член 2

Општина Чешиново-Облешево ќе учествува со сопствени средства во реализација на проектот во висина од 10% од вкупната вредност на проектот.

Средствата се предвидени во Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година, Програма JD0 „Изградба и реконструкција на локални патишта и улици“.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-223/1 Совет на
02.02.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01 - 31.12.2023 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01 - 31.12.2023 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-283/1 Општина Чешиново-Облешево
05.02.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01 - 31.12.2023 година

Член 1

Се усвојува Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01 - 31.12.2023 година кој е прилог на оваа Одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-258/1 Совет на
05.02.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиско – материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.10.2023 до 31.12.2023 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиско – материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.10.2023 до 31.12.2023 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-322/1 Општина Чешиново-Облешево
09.02.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот за финансиско – материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.10.2023 до 31.12.2023 година

Член 1

Се усвојува Извештајот за финансиско – материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.10.2023 до 31.12.2023 година, изготвен од страна на директорот ЈПКД „Облешево“.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново – Облешево.

Бр.08-256/1
05.02.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.10.- 31.12.2023 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.10.-31.12.2023 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-280/1
05.02.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.10.- 31.12.2023 година

Член 1

Се усвојува Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.10.- 31.12.2023 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново – Облешево.

Бр.08-257/1
05.02.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот од извршениот попис на основните средства и ситен инвентар сопственост на општина Чешиново-Облешево за 2023 година, состојба на ден 31.12.2023 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот од извршениот попис на основните средства и ситен инвентар сопственост на општина Чешиново-Облешево за 2023 година, состојба на ден 31.12.2023

година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-279/1 Општина Чешиново-Облешево
05.02.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36 став 1 и 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на ден 31.01.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот од извршениот попис на основните средства и ситен инвентар сопственост на општина Чешиново-Облешево за 2023 година, состојба на ден 31.12.2023 година

Член 1

Се усвојува Извештајот од извршениот годишен попис на основните средства и ситниот инвентар, сопственост на општина Чешиново-Облешево, како и состојбата со финансиските средства, обврските и побарувањата на општината со состојба на ден 31.12.2023 година.

Член 2

Поради нефункционалност и дотраеност да се отпише следниот инвентар:

- Панел, со инвентарен број 0724
- Машина за садови, со инвентарен број 0101
- Монитор HP, со инвентарен број 0250
- TV- сала, со инвентарен број 0652
- Панел, со инвентарен број 0615
- Телефон статичен, со инвентарен број 0228
- Панел, со инвентарен број 0516

Член 3

Нефункционалниот и дотраениот инвентар од член 2 на оваа Одлука, (електронска опрема), да се однесе на отпад за електонски материјал.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-260/1 Совет на
05.02.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата со уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за период август – декември 2023 година

1.Го прогласувам Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата со уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за период август – декември 2023 година, што Советот на

општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Заклучокот да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-278/1 Општина Чешиново-Облешево
05.02.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2024 година, донесе:

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Информацијата за состојбата со уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за период август – декември 2023 година

I

Се усвојува писмената Информација за состојбата со уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за период август – декември 2023 година, изготвена од страна на ЈПКД „Облешево“.

II

Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-261/1 Совет на
05.02.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Полугодишниот Извештај за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2023/2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Полугодишниот Извештај за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2023/2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-277/1 Општина Чешиново-Облешево
05.02.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Полугодишниот Извештај за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2023/2024 година

Член 1

Се усвојува писмениот Полугодишен Извештај за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2023/2024 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во

Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-262/1
05.02.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Полугодишниот Извештај за работа на ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2023/2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Полугодишниот Извештај за работа на ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2023/2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-275/1
05.02.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Полугодишниот Извештај за работа на ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2023/2024 година

Член 1

Се усвојува писмениот Полугодишен Извештај за работа на ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2023/2024 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-263/1
05.02.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за избор на приоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект „Изградба на крак на улица Богатин Вучков во с.Теранци (КП бр.3509 и КП бр.3635/1)“

1.Ја прогласувам Одлуката за избор на приоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект „Изградба на крак на улица Богатин Вучков во с.Теранци (КП бр.3509 и КП бр.3635/1)“, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-276/1 Општина Чешиново-Облешево
05.02.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за избор на приоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект „Изградба на крак на улица Богатин Вучков во с.Теранци (КП бр.3509 и КП бр.3635/1)“

Член 1

За приоритетен проект во општина Чешиново-Облешево а во врска со Отворениот јавен повик за финансирање на Предлог- проекти за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2024 година, по одделни мерки и активности за рамномерен регионален развој на Министерството за локална самоуправа на Република Северна Македонија се избира проектот „Изградба на крак на улица Богатин Вучков во с.Теранци (КП бр.3509 и КП бр.3635/1)“.

Член 2

Општина Чешиново-Облешево ќе учествува со сопствени средства во реализација на проектот во висина од 10% од вкупната вредност на проектот.

Средствата се предвидени во Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година, Програма JD0 „Изградба и реконструкција на локални патишта и улици“.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-264/1 Совет на
05.02.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски и материјални средства како помош за организација на празникот Св.Трифун во с.Кучичино

1.Ја прогласувам Одлуката за одобрување на финансиски и материјални средства како помош за организација на празникот Св.Трифун во с.Кучичино, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-274/1 Општина Чешиново-Облешево
05.02.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на

општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), и во согласност со Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2024 година, бр.08-1914/1 од 14.11.2023 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.13/2023) Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски и материјални средства како помош за организација на празникот Св.Трифун во с.Кучичино

Член 1

Се одобруваат 10.000,00 денари (десет илјади денари) како помош на Организационен одбор за прослава на празникот Св.Трифун во с.Кучинино, за набавка на ЛЕД телевизор како награда од општина Чешиново-Облешево за лотаријата организирана по повод празникот.

Се одобруваат 20.000,00 денари (дваесет илјади денари) , како помош за организирање на атлетска трка, како дел од активностите планирани за одбележување на празникот.

Член 2

Средствата од член 1 став 2 на оваа Одлука да се уплатат на име на Претседателот на организациониот одбор Сане Стојанов ЕМБГ 1906966493006, с/ка 240137000711328 Уни банка.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-253/1 Совет на
05.02.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за реализација на активности на ЈПКД „Облешево“ во 2023 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за реализација на активности на ЈПКД „Облешево“ во 2023 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-273/1 Општина Чешиново-Облешево
05.02.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за усвојување на Годишниот Извештај за реализација на активности на ЈПКД „Облешево“ во 2023 година

Член 1

Се усвојува писмениот Извештај за реализација на активности на ЈПКД „Облешево“ во 2023 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-254/1
05.02.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност за утврдување на тарифа за пречистување на отпадни води за 2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за давање на Согласност за утврдување на тарифа за пречистување на отпадни води за 2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-272/1
05.02.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 14 од Законот за утврдување на цени на водни услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2016), член 21, став 1 точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за давање на Согласност за утврдување на тарифа за пречистување на отпадни води за 2024 година

Член 1

Се дава Согласност на ЈПКД „Облешево“ за утврдување на тарифа за пречистување на отпадни води во општина Чешиново-Облешево за 2024 година, во висина од 2,60 ден/м3 испуштена отпадна вода.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-255/1
05.02.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за материјална помош на Црковен одбор на Црковна управа Облешево („црква с.Јован Крстител“)

1.Ја прогласувам Одлуката за материјална помош на Црковен одбор на Црковна управа Облешево („црква с.Јован Крстител“), што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-232/1 Општина Чешиново-Облешево
05.02.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за материјална помош на Црковен одбор на Црковна управа Облешево („црква с.Јован Крстител“)

Член 1

За потребите на црквата „Св. Јован Крстител“ с.Облешево, се одобрува материјална помош во набавка на 200 литри нафта (двеста литри нафта) како помош за работа со градежна машина – багер за расчистување на дворот околу црквата.

Член 2

Средствата за набавката се предвидени во Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-231/1 Совет на
05.02.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води за 2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за давање на Согласност за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води за 2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-271/1 Општина Чешиново-Облешево
05.02.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 14 од Законот за утврдување на цени на водни услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2016), член 21, став 1 точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за давање на Согласност за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води за 2024 година

Член 1

Се дава Согласност на ЈПКД „Облешево“ за утврдување на тарифа за

собирање и одведување на урбани отпадни води во општина Чешиново-Облешево за 2024 година, во висина од 10 ден/м3.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-248/1
05.02.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење за 2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за давање на Согласност за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење за 2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-270/1
05.02.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 14 од Законот за утврдување на цени на водни услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2016), член 21, став 1 точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за давање на Согласност за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење за 2024 година

Член 1

Се дава Согласност на ЈПКД „Облешево“ за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење во општина Чешиново-Облешево за 2024 година, во висина од 31,4 ден/м3.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-208/1
05.02.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата во ЈПКД „Облешево“, за 2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата во ЈПКД „Облешево“, за 2024 година, што

Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-269/1 Општина Чешиново-Облешево
05.02.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата во ЈПКД „Облешево“, за 2024 година

Член 1

Се дава согласност за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите во ЈПКД „Облешево“, за периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година да изнесува 36 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-250/1 Совет на
05.02.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Програмата за работа на ЈПКД „Облешево за 2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Програмата за работа на ЈПКД „Облешево за 2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-268/1 Општина Чешиново-Облешево
05.02.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36 став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), и член 21, став 1, точка 16 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Програмата за работа на ЈПКД „Облешево за 2024 година

Член 1

Се усвојува Програмата за работа на ЈПКД „Облешево за 2024 година, изготвена од страна директорот на ЈПКД „Облешево“ Дејан Анакиев.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во

Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-251/1 Совет на
05.02.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за материјална помош на Црковен одбор од с.Уларци

1.Ја прогласувам Одлуката за материјална помош на Црковен одбор од с.Уларци, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-267/1 Општина Чешиново-Облешево
05.02.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за материјална помош на Црковен одбор од с.Уларци

Член 1

За потребите на изградбата на Црковен храм во с.Уларци, на Црковен одбор се одобрува материјална помош во набавка од 250 (двесте и педесет) вреќи цемент.

Член 2

Средствата за набавката се предвидени во Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-252/1 Совет на
05.02.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-266/1 Општина Чешиново-Облешево
05.02.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/20, 172/21), Колективниот договор на општина Чешиново-Облешево (бр.03-226/1 од 13.12.2022 година), Анексот на Колективниот Договор на општина Чешиново-Облешево од 03-610/1 од 21.03.2023 година, Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија У бр.113/2023 (Службен весник на РСМ бр.65/2023) и член 21, став1 точка 4 од Статутот на Општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на Општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година, бр.08-2088/1 од 26.12.2023 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.15/2023) се вршат следните измени и дополнувања:

-Во Преамбулата на Одлуката кај Законот за буџети по бројот „167/16“ се додава и „ „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.“ .

-Во Преамулата на Одлуката бројот „203/22“ се брише

-Во член 9, став 1, алинеја 1 од Одлуката текстот „ 47.637,00 денари, пресметан на основа на исплатена“ се брише. Во истиот член алинеја „2“ се брише.

- Во член 12, став 1, алинеја 1 по зборот „месечна“ се додава зборот „нето“.

Член 2

По усвојување на измените и дополнувањата, истите стануваат составен дел на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ за 2024 година.

Бр.08-246/1
05.02.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката усвојување на корекциите на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на корекциите на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-265/1 Општина Чешиново-Облешево
05.02.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 4 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 31.01.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за усвојување на корекциите на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година

Член 1

Се усвојуваат корекциите на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година.

Истите стануваат составен дел на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-247/1 Совет на
05.02.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

СОДРЖИНА стр.

1.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2024 година..... 1

2.ОДЛУКА за давање на Согласност за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2024 година..... 1

3.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за избор на приоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект..... 2

4.ОДЛУКА за избор на приоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект..... 2

5.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01 - 31.12.2023 година..... 2

6.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01 - 31.12.2023 година..... 3

7.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиско – материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.10.2023 до 31.12.2023 година..... 3

8.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот

за финансиско – материјално работење на ЈПКД „Облешево“ за период 01.10.2023 до 31.12.2023 година..... 3
9.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.10.- 31.12.2023 година..... 4
10.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.10.- 31.12.2023 година..... 4
11.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот од извршениот попис на основните средства и ситен инвентар сопственост на општина Чешиново-Облешево за 2023 година, состојба на ден 31.12.2023 година..... 4
12.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот од извршениот попис на основните средства и ситен инвентар сопственост на општина Чешиново-Облешево за 2023 година, состојба на ден 31.12.2023 година..... 5
13.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата со уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за период август – декември 2023 година..... 5
14.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Информацијата за состојбата со уличното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за период август – декември 2023 година..... 6
15.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Полугодишниот Извештај за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2023/2024 година..... 6
16.ОДЛУКА за усвојување на Полугодишниот Извештај за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2023/2024 година..... 6
17.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Полугодишниот Извештај за работа на ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2023/2024 година..... 7
18.ОДЛУКА за усвојување на Полугодишниот Извештај за работа на ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2023/2024 година..... 7
19.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за избор на приоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект „Изградба на крак на улица Богатин Вучков во с.Теранци (КП бр.3509 и КП бр.3635/1)“..... 7
20.ОДЛУКА за избор на приоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект „Изградба на крак на улица Богатин Вучков во с.Теранци (КП бр.3509 и КП бр.3635/1)“..... 8
21.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски и материјални средства како помош за организација на празникот Св.Трифун во с.Кучичино..... 8
22.ОДЛУКА за одобрување на финансиски и материјални средства како помош за организација на празникот Св.Трифун во с.Кучичино..... 9
23.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за реализација на активности на ЈПКД „Облешево“ во 2023 година..... 9
24.ОДЛУКА за усвојување на Годишниот Извештај за реализација на активности на ЈПКД „Облешево“ во 2023 година..... 9
25.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност за утврдување на тарифа за пречистување на отпадни води за 2024 година..... 10
26.ОДЛУКА за давање на Согласност за утврдување на тарифа за пречистување на отпадни води за 2024 година..... 10
27.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за материјална

помош на Црковен одбор на Црковна управа Облешево („црква с.Јован Крстител“)..... 10
28.ОДЛУКА за материјална помош на Црковен одбор на Црковна управа Облешево („црква с.Јован Крстител“)..... 11
29.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води за 2024 година..... 11
30.ОДЛУКА за давање на Согласност за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води за 2024 година..... 11
31.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење за 2024 година..... 12
32.ОДЛУКА за давање на Согласност за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење за 2024 година..... 12
33.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата во ЈПКД „Облешево“, за 2024 година..... 12
34.ОДЛУКА за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата во ЈПКД „Облешево“, за 2024 година..... 13
35.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Програмата за работа на ЈПКД „Облешево за 2024 година..... 13
36.ОДЛУКА за усвојување на Програмата за работа на ЈПКД „Облешево за 2024 година..... 13
37.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за материјална помош на Црковен одбор од с.Уларци..... 14
38.ОДЛУКА за материјална помош на Црковен одбор од с.Уларци..... 14
39.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година..... 14
40.ОДЛУКА за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година..... 15
41.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката усвојување на корекциите на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година..... 16
42.ОДЛУКА за усвојување на корекциите на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година..... 16
43.СОДРЖИНА..... 16

ПРИЛОГ: 1. Буџет (корекции на буџетот) на општина Чешиново-Облешево за 2024 година

2.Извештај за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година, за период 01.01-31.12.2023 година